# БЛАГОЈ ШАМБЕВСКИ

Ти беше син на македонското село,
Роден за страдања од лулка до гроб;
Во браздите-брчки на твоето чело
Ти ја носеше судбината на народот-роб.

Како дете уште голобос и гладен
Духот илинденски ти навлезна в крв,
Во борба ти крена за народот страден,
Со виорно знаме ти одеше прв!

Ти будеше робје, викаше за бој,
неуморен беше и немаше страв,
Работеше чесно за народот твој
Како негов герој и син негов прав.

Твоите дела се големи дела,
А твојот лик е лик на апостол,
Ти падна, те жали нација цела,
Македонија плаче од жал и бол.